СОВЕТУВАЛИШТА КОИ НУДАТ БЕСПЛАТНО, ДОБРОВОЛНО И ДОВЕРЛИВО СОВЕТУВАЊЕ И ХИВ ТЕСТИРАЊЕ во Скопје:

МЛАДИНСКИ ЦЕНТРИ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ - ХЕРА:	
Сакам да знам - Водно	закажи на тел: **3 176 950** работни денови од **12-17.00**
Сакам да знам – Шуто Оризари	закажи на тел: **2 651 955** работни денови од **12-17.00**
Советувалиште за ХИВ при Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	**телефон 02 3 147 752**
Институт за јавно здравје	**телефон 02 3 147 060**

ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НИЗ РЕПУБЛИКАТА:

Скопје	**02 3 230 058**	Прилеп	**048 419 200**
Куманово	**031 411 005**	Штип	**032 386 220**
Битола	**047 208 100 лок.116**	Велес	**043 233 202**
Кочани	**033 271 263**	Охрид	**046 250 127**
Тетово	**044 331 233**	Струмица	**034 324 495 лок.110**

СОВЕТУВАЊЕ И ХИВ ТЕСТИРАЊЕ НА ТЕРЕН

ХЕРА заедно со своите партнери го организира теренското доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ во 11 градови низ земјата.

Теренското тестирање се остварува со подвижна лабораторија на различни локации кадешто граѓаните имаат полесен пристап до сервисот. Теренското ХИВ тестирање се врши со брзи ХИВ тестови при што резултатите од тестот се дознаваат за 15-20 минути.

Сите информации за **теренското ХИВ тестирање** во твоја близина како и информации поврзани со останатите центри за ХИВ тестирање може да ги добиеш на

hivtest@hera.org.mk
или на
02 3176 950

ХИВ НЕ ЗАСЕГА СИТЕ
Направи ХИВ тест!

ХИВ НЕ ЗАСЕГА СИТЕ

Направи ХИВ тест !

Информирај се на телефонот
02 3176 950

Преземи ја апликацијата
ХИВ ТЕСТ
од **Google Play** или **iTunes**

Available on iTunes | Google play

За сите прашања и коментари пишете ни на
hivtest@hera.org.mk

За дополнителни информации посетете ја:
www.hera.org.mk

Investing in our future
The Global Fund
To Fight AIDS, Tuberculosis and Malaria

Ставовите опишани тука се ставови на организацијата и не ги претставуваат ставовите и мислењата на Глобалниот Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија, нити пак, постои одобрување или авторизација за овој материјал, изразен или имплициран од Глобалниот Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија.

X. E. P. A.

A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

Институт за јавно здравје
Institute of public health
Instituti i shëndetit publik

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

КОЛКУ ЗНАМ ЗА ХИВ?

Пополни го следниов краток тест, можеби има нешто што не знаеш:

1. Само корисници што инјектираат дрога, мажи што имаат секс со мажи и сексуални работници можат да се заразат со ХИВ.
   точно | неточно
2. Бремената жена која е ХИВ позитивна доколку го знае сопствениот ХИВ статус може да преземе мерки за намалување на ризикот за пренос на ХИВ врз новороденото дете.
   точно | неточно
3. Ако тестот е негативен, тоа значи дека си отпорен на ХИВ и нема потреба да се грижиш.
   точно | неточно
4. Можеш да се инфицираш од првпат т.е. дури иако имаш само еднаш сексуален однос без заштита.
   точно | неточно
5. Може да си ХИВ позитивен, а да не знаеш за тоа.
   точно | неточно
6. Можеш да се инфицираш преку тоалетна шолја.
   точно | неточно
7. Ако се тестирам за ХИВ во државна институција другите луѓе ќе помислат дека имам ХИВ.
   точно | неточно
8. Само преку ХИВ тест можам да го откријам мојот ХИВ статус.
   точно | неточно
9. Кондомот е единствената заштита од ХИВ инфекција при сексуален однос.
   точно | неточно
10. Постои вакцина за ХИВ.
    точно | неточно
11. Лицата коишто живеат со ХИВ лесно се препознаваат и најдобро е да се избегнуваат за да се заштитиме од ХИВ.
    точно | неточно
12. Со навремено откривање на ХИВ позитивниот статус и примена на соодветна терапија за ХИВ, лицата кои живеат со ХИВ може да имаат квалитетен и долг живот.
    точно | неточно

1 НЕТОЧНО:

ХИВ не засега сите! Иако постојат одредени ранливи групи, кои се изложени на поголем ризик за инфицирање од ХИВ, тоа не значи дека другите доколку се однесуваат ризично, се отпорни на ХИВ. Ризикот на пренос од ХИВ е одреден од однесувањето, а не од припадноста кон одредена ранлива група.

2 ТОЧНО:

Преносот на ХИВ од мајка на новородено дете е еден од трите начини на пренос на ХИВ. Навременото ХИВ тестирање помага да се донесат информирани одлуки во текот на планирање на родителство кои значително го намалуваат ризикот за пренос на ХИВ од мајка на новороденото дете. Денес, доколку мајката знае дека живее со ХИВ и се преземат мерки за време на бременоста, породувањето и доењето можноста за пренос на ХИВ од мајка на новороденото дете е помала од 1%.

3 НЕТОЧНО:

Негативниот резултат од ХИВ тестот не значи дека си отпорен на ХИВ, туку дека не си инфициран. Секое ризично однесување, во животот што следи, е потенцијална опасност да се инфицираш. Колку поризично се однесуваш, толку се поголеми шансите да се инфицираш. Затоа се препорачува да направиш ХИВ тест, доколку си практикувал ризично однесување.

4 ТОЧНО:

Секој незаштитен сексуален однос е потенцијален ризик за пренос на ХИВ, без разлика дали е првиот. Затоа се препорачува редовна употреба на кондом.

5 ТОЧНО:

Најголем дел од луѓето, кои се ХИВ позитивни, живеат без да се свесни за инфекцијата подолг временски период, којшто може да трае и неколку години, односно инфекцијата во тој период не пројавува никакви препознатливи симптоми. 30-50% од 2,3 милиони лица што живеат со ХИВ во Европа не се свесни дека се ХИВ позитивни, а 50% од оние што се позитивни доцна се дијагностицираат, со што се доцни со пристапот кон третман. Затоа е потребно да се тестираш за ХИВ за да го дознаеш својот статус и навремено да се отпочне со терапија, доколку си ХИВ позитивен.

6 НЕТОЧНО:

ХИВ се пренесува единствено преку незаштитен сексуален однос, преку крвен начин на пренос и од ХИВ позитивна мајка на новороденче. Вирусот не може да се пренесе преку социјални активности и контакти, како што се заедничко користење на тоалетна шолја, прибор за јадење, преку ракување, гушкање, дружење, пливање во базен и слично. Докажано е дека ХИВ не се пренесува преку плунка, пот, солзи, урина и фецес.

7 НЕТОЧНО:

Во советувалиштата за доброволно и доверливо советување и ХИВ тестирање низ државата работат медицински работници кои се обучени за доверливо ХИВ тестирање и кои ја гарантираат вашата анонимност.

8 ТОЧНО:

Само преку специфичен ХИВ тест може да се утврди твојот ХИВ статус. ХИВ статусот не се утврдува преку рутинско правење на крвна слика.

9 ТОЧНО:

При сексуален однос кондомот е најсигурната заштита од ХИВ.

10 НЕТОЧНО:

Сè уште не е пронајдена вакцина за имунизирање од ХИВ.

11 НЕТОЧНО:

Луѓето кои живеат со ХИВ, не можат да се препознаат според одредена карактеристика, а со оглед на тоа што вирусот не се пренесува преку социјални активности и контакти, нема причина тие да се избегнуваат или да се изолираат.

12 ТОЧНО:

Ако се открие на време и се обезбеди соодветен третман со ХИВ се живее долго и квалитетно. Во нашата земја терапијата за ХИВ е достапна и бесплатна за сите лица што живеат со ХИВ.